кожарските и чевларските работници
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип
Бр. 03 - 311
25. 11 2017 год.

# МЕМОРАНДУМ

## За соработка меѓу здружението Сплотени срца и Здружението Гласен Текстилец

Со цел да делуваат во јакнењето на меѓусебната соработка, на тој начин што ќе ги насочат своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, како и во унапредување на соработката со други институции од заеднички интерес,

**Здружението на родители на деца со аутизам и сродни состојби Сплотени срца**

и

**Здружението на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници Гласен Текстилец**

(во натамошниот текст: страни потписници)

на 25.11. 2017 година, во Штип, потпишаа

## Меморандум за соработка меѓу Здружението Сплотени срца и Здружението Гласен Текстилец

### Област на соработка
### Член 1

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите цели во Република Македонија во Областа на поквалитетен живот на семејствата, Здружението Сплотени срца и Здружението Гласен Текстилец, се согласни да ги реализираат активностите со взаемна помош во областите кои се цел на нивното делување :

Подобрување на животот на лицата со посебни потреби и нивните семејства и подобрување на животот на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија

### Видови на соработка
### Член 2

- промовирање на заедничките активности
- организирање настани од интерес за двете здруженија
- организирање обуки и семинари за потребите на здруженијата
- лобирање и успешно претставување на потребите на нашите целни групи
- информирање за можностите за користење на ИПАРД-фондовите во Република Македонија и другите програми на Европската унија
- проширување на мрежата на соработка со други институци и организации
- меѓусебно информирање за резултатите од работењето

**Начин на реализирање на соработката**
**Член 3**

Соработката од член 2 на овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, со можност за склучување посебен договор

**Финансиски трошоци**
**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од секој оделен вид на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор склучен меѓу страните потписници на овој меморандум

**Измена на меморандумот**
**Член 5**

Овој меморандум може да се менува и да се дополнува со писмена согласност меѓу страните потписнички

**Влегување во сила**
**Член 6**

Овој меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување.

**Член 7**

Овој меморандум е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци за Здружението Сплотени срца и 2 (два) примерока за Здружението Гласен Текстилец

| | |
|---|---|
| **Здружение Сплотени срца** | **Здружение Гласен Текстилец** |
| **Претседател, Зоран Мијалков** | **Претседател, Кристина Ампева** |

Здружение на родители на деца и возрасни со аутизам и сродни души
СПЛОТЕНИ СРЦА
Бр. 157
25. 11. 2017 год.
ШТИП